**Министерство за култура и туризам**
**Одделение за управување со човечки ресурси**

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
**Menaxhimin E Resurseve Njerëzore**

**Архивски број:** 04-5542/8
**Датум:** 28.05 **2025 година**

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување
Afati i ruajtjes
____20___ година

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници ("Сл. весник на Р.М." бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и "Сл.весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), министерот, донесе

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат по Интерен оглас број 03/2025 за унапредување на административен службеник во Министерство за култура и туризам

1. Кандидатот **Марија Станчевска Ѓоргова**, по пат на интерен оглас број 03/2025 се избира за работно место **УПР 01 01 Б01 000, Државен советник за европски прашања и креативни индустрии** -1 извршител
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2025 со архивски број 04-5542/2 од 21.05.2025 година.
3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број. 19-3123/2 од 17.04.2025 година министерот упати барање со архивски бр. 04-5542/1 од 21.05.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за култура и туризам. Интерниот оглас број 03/2025 за унапредување на еден (1) административен службеник во Министерство за култура и туризам е објавен на веб страната на Министерството како и на веб страната на Агенцијата за администрација на ден 22.05.2025 година. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на министерот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-5542/5 од 27.05.2025 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за работно место **Државен советник за европски прашања и креативни индустрии** кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

места во Министерството за култура и туризам. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас за број 03/2025 за унапредување на административен службеник со архивски бр.04-5542/6 од 28.05.2025 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-5542/7 од 29.05.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на ранг листа министерот донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

**Правна поука:** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

МИНИСТЕР,
Зоран Љутков

Доставено до:
-именуваниот/та; .
-Одделение за управување со човечки ресурси

Изготвил: И.Стевковска